Уп. бр. 08-86

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Луфтханза Техник со седиште на Вег бајм Јеагер 193, 22335, Хамбург, Германија, доставено преку Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 17.06.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Луфтханза Техник АГ со седиште на Вег бајм Јеагер 193, 22335, Хамбург, Германија ќе стекне самостојна контрола над друштвата: ЛГ-ЛХТ Еиркрафт Солушнс ГмбХ со регистрирано седиште на ул. Хинденбург 162, 22297 Хамбург, Германија, друштвото ЛГ-ЛХТ Песинџер Солушнс ГмбХ со регистрирано седиште на ул. Хинденбург 162, 22297 Хамбург, Германија и друштвото АерКју Гмбх со регистрирано седиште на ул. Хинденбург 162, 22297 Хамбург, Германија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 20.05.2024 година, а дополнето на ден 29.05.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), е доставено известување за концентрација од страна на Луфтханза Техник АГ со седиште на Вег бајм Јеагер 193, 22335, Хамбург, Германија, со која Луфтханза Техник АГ ќе стекне самостојна контрола над друштвата: ЛГ-ЛХТ Еиркрафт Солушнс ГмбХ со регистрирано седиште на ул. Хинденбург 162, 22297 Хамбург, Германија, друштвото ЛГ-ЛХТ Песинџер Солушнс ГмбХ со регистрирано седиште на ул. Хинденбург 162, 22297 Хамбург, Германија и друштвото АерКју Гмбх со регистрирано седиште на ул. Хинденбург 162, 22297 Хамбург, Германија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**-Луфтханза Техник АГ** е глобална компанија регистрирана во Германија со седиште во Хамбург и е дел од групацијата Луфтханза.

Луфтханза Техник АГ е глобален снабдувач на услуги за одржување, поправка и ремонт за авиони, мотори и компоненти, како и развој, дизајн и снабдување на системи за управување со кабината и забава во летот. Се состои од 30 погони кои нудат технички авијациски услуги на клиентите ширум светот, вклучувајќи производители на оригинална опрема, компании за лизинг на авиони, оператори на (В)ВИП авиони, влади и вооружени сили, како и авиокомпании.

Луфтханза Техник АГ дизајнира, произведува и доставува системи за управување со кабината и Системи за забава во летот за производители на оригинална опрема што произведуваат деловни авиони. Луфтханза Техник АГ исто така има заедничка контрола (со Панасоник) над IDAIR, заедничко вложување кое е активно со снабдување на системи за управување со кабината/ системи за забава во летот системите за (В)ВИП и владини авиони. Луфтханза Техник АГ не е активен со снабдување на системи за управување со кабината / системи за забава во летот за комерцијален авион. Дополнително, Луфтханза Системс ГмбХ (кој е исто така дел од Луфтханза Групацијата) е активен во ограничен обем со системи за управување со кабината и системи за забава во летот системи за комерцијален авион.

Луфтханза Техник АГ нема зависни друштва или подружници во Северна Македонија, но повеќето од 97% од приходите на Луфтханза Групацијата во Северна Македонија во 2023 година биле остварени преку продажба на авионски билети од страна на авиокомпании од Луфтханза Групацијата (ппрвенствено Аустриан и Едејвајс), додека нешто помалку од 3% од приходите биле остварени преку авионски превоз на стока од страна на Луфханза карго. Незначителен износ на средства бил остварен од страна на Луфтханза Системс ГмбХ. Луфтханза Системс ГмбХ го остварила ваквиот занемарлив приход преку друштво кое се занимава со развој на софтвер за авиокомпании преку издавање лиценци за користење на податоци за воздухопловство и од сулуги на конференција организирана од Луфтханза Системс ГмбХ.

Целните друштва: **ЛГ-ЛХТ Еиркрафт Солушнс ГмбХ, ЛГ-ЛХТ Песинџер Солушнс ГмбХ и друштвото АерКју Гмбх од Германија** се активни во областа на системи за управување со кабината и системи за забава во летот само за комерцијални авиони, особено во дизајнот, производството, одржувањето и продажбата на софтвер и хардвер за кабини на авиони, електронска опрема, како и системи за осветлување, сензори, камера и приказ за комерцијални авиони. ЛГ-ЛХТ Еиркрафт Солушнс ГмбХ, ЛГ-ЛХТ Песинџер Солушнс ГмбХ и друштвото АерКју Гмбх од Германија не се ангажирани со системи за управување со кабината и системи за забава во летот за деловни, (В)ВИП или владини авиони.

ЛГ-ЛХТ Еиркрафт Солушнс ГмбХ, ЛГ-ЛХТ Песинџер Солушнс ГмбХ и друштвото АерКју Гмбх од Германија немаат регистрирано присуство во Северна Македонија, немаат никакви активности во Северна Македонија и не оствариле било каков приход во Северна Македонија во 2023 година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**